MLSP
MINISTRY OF LABOUR AND SOCIAL POLICY

gip international travail, emploi, formation professionnelle

Liberté • Égalité • Fraternité
RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
MINISTÈRE DU TRAVAIL, DE L'EMPLOI ET DE LA SANTÉ

# Соработка меѓу Република Македонија и Франција во областа на трудот и вработувањето

## Програма за билатерална соработка за периодот 2011и проекции за 2012

## помеѓу

## Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија

## и

## ГИП Интернационал

## (Министерство за труд, вработување и здравство) на Република Франција

**Преамбула**

Оваа програма за соработка во областа на трудот се вклучува во континуитетот на претходно потпишаните програми од страна на ГИП Интернационал (Министерство за труд, вработување и здравство) на Република Франција и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Како прва земја на Балканот која потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската Унија (2001), Македонија го оствари напредокот на патот за нормализација, кој беше признат со доделувањето на кандидатскиот статус од страна на Европскиот Совет (декември, 2005). Од 2007 година Република Македонија е квалификувана за новиот инструмент за претпристапна помош (ИПА).

Активностите за соработка на ГИП Интернационал имаат за цел, пред сè, да ги придружуваат општествените промени кои се јавуваат заради процесот на европското « проширување ». Со цел да се одговори на новите потреби на земјите-кандидатки, посебно во доменот на социјалната политика, ГИП Интернационал ги насочува своите активности во правец на споделување на демократските практики, почитувањето на социјалните норми, промовирањето на концептот за развој заснован врз социјален дијалог, придружувањето на политиките за обука за полесно вработување, борба против сиромаштијата, дискриминацијата и социјалното исклучување.

Оваа соработка има за цел да му обезбеди на Министерството за труд и социјална политика техничка поддршка за придружување и олеснување на реформите и структуралниот развој кои станаа неопходни заради економскиот развој и европските текови. *Acquis communautaire* кој ги опфаќа областите трудово право, еднаквост, здравје и безбедност на работното место, недискриминација претставува, меѓу другото, една од рамките на интервенција на ГИП Интернационал.

Активностите во рамките на соработката помеѓу ГИП Интернационал (Министерство за труд, вработување и здравство) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија кои започнаа во 2006 година, беа усогласени со стратешките цели дефинирани од страна на македонската влада во областа на трудот, здравјето и безбедноста на работно место. Активностите за соработка вклучени во втората (2007-2008) и во третата повеќегодишна програма за соработка (2009-2011) ги зедоа предвид новите очекувања на македонската страна.

Генералната дирекција за труд му обезбеди техничка помош на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија кој имаше за цел да го усогласи македонското законодавство со европските директиви за здравје, заштита и безбедност на вработените. Во 2008, 2009, 2010 и почетокот на 2011 година, беа извршени активности за транспонирање и имплементирање на европските директиви.

2011 година треба да претставува почеток за проширување на програмата за билатерална соработка и тоа во областа на вработувањето. Всушност, ниту една активност поврзана со "вработувањето" не беше вклучена во нашата претходна соработка. Средбите со партнерите од Агенцијата за вработување на Република Македонија во Скопје овозможија да се направи попис на одреден број потреби и да се создаде програма која има за цел да придонесе за развој на капацитетите на Агенцијата за вработување на Република Македонија. Оваа програма треба да биде усогласена со очекуваните резултати во рамките на ИПА Компонентата за развој на човечки ресурси.

Исто така, почнувајќи од 2012 година, ќе треба да се вклучат и професионални обуки во рамките на билатералните активности, засилувајќи и координирајќи ја соработката со засегнатите институции како континуитет на на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013.

**Презентација, концепт и следење на програмата**

## 1. Глобална стратегија: повеќегодишни политики и проекти

Оваа програма за 2011 година содржи еден дел "труд" (областа на безбедност и здравје при работа), кој е поделен на два повеќегодишни проекти (транспонирање на европските директиви и продолжување на зајакнувањето на капацитетите на инспекторите за труд) и еден дел "вработување", кој е поделен на две стратешки политики (стратешка поддршка на европските интеграции и зајакнување на ефикасноста на Агенцијата за вработување) и 4 проекти. Таа исто така вклчува и насоки за активности за 2012 година.
Програмата не содржи дел "професионална обука" поради твинингот којшто ГИП Интернационал ќе го раководи во текот на следните две години.

## 2. Оперативен пристап: годишни активности

Спроведувањето на стратешката политика се врши преку годишни програми кои ги прецизираат активностите за постигнување на утврдените општи цели и календарот за нивната реализација.
Овие активности произлегуваат од четири домени на понуда на услуги од ГИП Интернационал за развивање на политиките од областа на трудот, вработувањето и професионалната обука:

- 1. институционална поддршка;
- 2. обука;
- 3. јакнење на капацитетите;
- 4. развој на инструменти за дејствување.

Активностите се дадени во списоци во кои се наведени нивните цели и условите за нивна реализација.

## 3. Постојано следење и засилена координација

Следењето на реализацијата на програмата ќе се врши на координиран начин. Секоја активност е предмет на поедноставен извештај. За мисиите во Македонија, овој извештај се составува од страна на француски експерти кои ја спровеле мисијата во координација со раководителот на францускиот проект. За посетите во Франција овој извештај се составува од страна на францускиот раководител на проект во соработка со македонскиот раководител на проект.

Годишниот преглед за реализација на проектите се составува од страна на раководителите на проектот во однос на извештаите за активностите, а годишниот состанок ќе овозможи да се оцени квалитетот и напредокот на целокупната повеќегодишна програма.

## 4. Реципрочна размена на информации

Оваа рамка на соработка во доменот на трудот може да побара од едната или другата страна да обезбедат информации и документација без притоа да мора да се организира патување на експертите.
Во таков случај, треба да се достави барање до ГИП Интернационал, кој доколку самиот не располага со информација, ќе го проследи барањето со цел да се даде одговор.

## 5. Взаемно ангажирање за реализација на активностите

За целокупните активности превидени со програмата, важат следните општи услови за реализација на активностите:

### 1. <u>Реализација на мисиите во Македонија</u>

За Франција, ГИП Интернационал превзема обврска:

- да испраќа француски експерти во Македонија и финансиски да ги покрива нивните патувања во двата правци;

- да им исплаќа дневници на експертите за да можат да ги покријат трошоците за престој (хотелско сместување, храна, службени патувања);
- да изврши резервации на хотелски соби, со поддршка на Службата за соработка и за културни активности при Амбасадата на Франција во Македонија.

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика превзема обврска:
- да изработи работна програма и програма за средби;
- да ги обезбеди сите неопходни трансфери за патување на француските експерти заради реализирање на програмата;
- да обезбеди квалитетен превод на размените.

2. <u>Реализација на посетите во Франција</u>

За Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика превзема обврска:
- да испраќа македонски експерти во Франција и финансиски да ги покрие нивните патувања во двата правци;
- да обезбеди квалитетен превод на размените.

За Франција, ГИП Интернационал превзема обврска:
- да изработи работна програма и програма за посети од страна на претставникот кој е одговорен за активностите;
- да резервира и плати хотелски соби за експертите;
- финансиски да ги покрие сите потребни трансфери за патување на македонските експерти заради реализирање на програмата.

Уште при пристигнувањето на аеродром, ГИП Интернационал на секој македонски експерт ќе му ги достави сите информации во врска со организацијата на престојот. Секој експерт ќе ги добие неопходните средства за покривање на трошоците за превоз или за храна, кои треба да бидат искористени за директна реализација на престојот кој го реализира.

3. <u>Користење на европскиот инструмент TAIEX</u>

Во 2010 година, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, побара помош од европскиот инструмент TAIEX за финансирање на студиската посета за следење на спроведувањето на директивите во Франција (азбест, мобилни и привремени градилишта).
Согласно потребите и водејќи сметка за можностите кои ги нуди TAIEX единицата во Брисел, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија може да го искористи овој инструмент за реализирање на студиска посета во Франција која ќе одговара на потребите кои се утврдени во програмата за билатерална соработка.
Од своја страна, ГИП Интернационал и неговите партнери ќе се погрижат за организацијата на агендата за посетата.



ΛΜF

# ТРУД

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

| **СТРАТЕШКА ПОЛИТИКА** |
|---|
| **Поддршка за транспонирање и имплементација на европското законодавството во областа безбедност и здравје при работа** |

## 1. Опис на стратешката политика

Се работи за обезбедување на техничка поддршка за Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и на Државниот инспекторат за труд за транспонирање на европските директиви кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа и за имплементирање на транспонираното законодавство.

Оваа поддршка ќе се обезбеди преку:
- Правна етапа на транспонирање на директивите во домашното законодавство;
- Поддршка за примена на транспонираното законодавство.

## 2. Контекст

До сега, Република Македонија има транспонирано 20 европски директиви во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Стратешката политика има за цел да ги зајакне капацитетите како на Министерството за труд и социјална политика, така и на службите на Државниот инспекторат за труд, преку обезбедување поддршка за:

- Транспонирање на директиви на Заедницата во националното законодавство, идентификувани од македонска страна;
- Методологијата за интервенирање на Државниот инспекторат за труд заради ефективност на транспонираните прописи.

## 3. Методи на интервенција

Стратешката политика се однесува на следните проекти:

**<u>Проект бр.1</u>**: Поддршка за транспонирање на директивите на заедницата: проект започнат во 2007 година, кој ќе продолжи во 2011 и 2012.

**<u>Проект бр.2</u>:** Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд на Република Македонија: 2011 и 2012 година.



nAF

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

| **Стратешка политика бр.1:**<br><br>**Поддршка за транспонирање на европското законодавството во областа безбедност и здравје при работа** |
|---|

**Проект бр.1: Поддршка за транспонирање на директивите на Заедницата од областа безбедност и здравје при работа**

**Раководители на проект:**

**Република Македонија**:
Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција**: Мари-Кристин БОДИРЕ, одговорна за мисијата за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуацијата, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералната дирекција за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
Електронска адреса: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, одговорно лице за мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел : 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска адреса: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис на проектот:**

Проектот има за цел да обезбеди поддршка за транспонирањето во националното законодавство на две директиви кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа и кои поради календарот и македонските приоритети треба да бидат вклучени во проекциите за 2012:

> **Проекции јануари-февруари 2012 година:** Директивата 2006/25/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот во врска со минималните барања за здравје и безбедност поврзани со изложеноста на работниците на ризици од физички агенси (вештачко оптичко зрачење, 19та индивидуална Директива во согласност со членот 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕЗ).
>
> **Проекции мај 2012 година:** Директивата 2004/40/ЕС на Европскиот парламент и Советот од 29 април 2004 во врска со минималните барања за здравје и безбедност поврзани со изложеноста на работниците на ризици од физички агенси (електромагнетни полиња), 18та индивидуална Директива во согласност со членот 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

ГИП Интернационал и Генералната дирекција за труд го земаат предвид повлекувањето од страна на Република Македонија за поддршката за транспонирање на Директивата 92/86/ЕЕЗ во врска со воведувањето на мерки за подобрување на безбедноста и здравјето при работа на бремените работнички, родилките или доилки на работно место.
Што се однесува до барањата на Македонија за транспонирање на директивите 92/91/ЕЕЗ и 92/104/ЕЕЗ, кои се однесуваат на безбедноста и здравјето на работниците во рударската индустрија, Франција не е во состојба да даде поволен одговор поради отсуството на експерти.

2. **Општи цели:**

Согласно начелата содржани во директивите на Европската Унија:

- Развивање на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд со цел да се подготви национална регулаторна рамка за транспонирање и имплементација на европското законодавство;
- Зајакнување на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд за подготвување на политиките и стратешките документи во областа на безбедноста и здравјето при работа;
- Подобрување на методите на работа.

3. **Посебни цели**

- Размена на искуства и добри пракси во областа на директивите кои се цел на проектот.

4. **Очекувани резултати:**

Текстовите за транспонирање на директивите кои се цел на проектот се подготвуваат во насока на усогласување со националното законодавство и *acquis communautaire*.

Зголемено е нивото на приближување на националното законодавство со европското законодавство во областа на безбедноста и здравјето при работа.

5. **Квантитативни показатели и показатели на влијание:**

- Функционална организација на Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд, имплементирана за да одговори на целта за изработка на политики и стратешки документи во областа на безбедност и здравје при работа во согласност со директивите на ЕУ;
- Кореспондентни табели за националните прописи и директивите на заедницата во областа безбедност и здравје при работа;
- Број на изготвени текстови за транспонирање.

6. **Соодветни обврски на двете страни :**

Министерство за труд и социјална политика:

- Обезбедува простор и потребни материјали за изведување на обуката и за работата на експертите во текот на нивните мисија;
- Се грижи да обезбеди присуство на доволен број службеници на состаноците и на предвидените обуки;
- Обезбедува неопходна помош за сместување и локален превоз на експертите како и на целокупната логистика потребна за мисијата на експертите;
- Обезбедува консекутивен превод од француски на македонски и обратно;
- Обезбедува ручек и паузи за кафе за време на мисијата на експертите;
- Се грижи за покривање на трошоците за превоз на македонската делегација која ќе реализира студиска посета во Франција.

ГИП Интернационал презема обврска да:

- ги почитува финансиските обврски, обезбедува човечки ресурси, се грижи за логистичката организација;
- ги одредува предусловите за спроведување на секоја активност;
- секое тромесечје врши увид во реализацијата на предвидените и идните активности;
- составува краток извештај по секоја мисија (во него е вклучен бројот и квалитетите на лицата кои биле сретнати или обучени);
- за мисиите во Македонија, овој извештај го составуваат француски експерти кои ја изведувале мисијата во координација со раководителот на проект од македонска страна.


ДАF

- раководителите на проект составуваат годишен преглед за реализацијата на проектот во поглед на извештаите од активностите, а на состанокот на крај на годината се оценува квалитетот и напредувањето на целокупната повеќегодишна програма.

### 7. Производство/ Капитализација:

Двете страни ги подготвуваат и потврдуваат извештаите од експертските мисии и обуката.

Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд ги утврдуваат транспонираат директивите во националното законодавство.

### 8. Прелиминарен календар за проектот:

**2011**:

- Активност бр. 1: MKD 1.1.1.0.1 (транспонирање на Директивата 2006/25/ЕЗ (вештачко оптичко зрачење) почеток на 2012– експертска мисија во Македонија.

- Активност бр. 1: MKD 1.1.1.0.2 (електромагнетни полиња): да се прецизира календарот имајќи ја предвид состојбата на нарепдувањето на работата на ревизија на директивата и на продолжениот рок за транспонирање до 2013 година – експертска мисија во Македонија.

### 9. Инструменти за следење:

Подготовка и потврдување на извештаите од секоја активност.
Табела за евалуација на реализацијата на активностите.

### 10. Одвивање на проектот

**Декември 2011**: Дел од етапата ќе биде реализирана меѓу француските и македонските раководители на проект како и со одговорните за различни активности од македонска страна. Целта ќе биде ажурирање на табелата за евалуација на соработката и подготвување на прецизна програма за активностите во 2012 г. Шифра на активност 5.0.0.0.3

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

**Придружен проект : Поддршка на транспонирањето на директиви од Заедницата во областа на безбедност и здравје при работа**

**Активност бр.1 : MKD 1.1.1.0.1**

**Поддршка за транспонирање на директивата која се однесува на ризиците поврзани со изложеноста на работниците на физички агенси (Вештачко оптичко зрачење)**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија** :
Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција**: Мари-Кристин БОДИРЕ, одговорна за мисијата за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуацијата, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералната дирекција за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
Електронска адреса: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, Одговорно лице за мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел : 00 33 4 78 87 49 84 ;
Електронска адреса: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која ќе има за цел поддршка на транспонирањето на Директивата 2006/25/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот во врска со минималните барања за здравје и безбедност поврзани со изложеноста на работниците на ризици од физички агенси (вештачко оптичко зрачење, 19та индивидуална Директива во согласност со членот 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕЗ).

2. **Целна група:**

Службениците кои се одговорни за изработка на текстовите за транспонирање во националното законодавство: тројца службеници од Државниот инспекторат за труд и еден службеник од Министерството за труд и социјална политика.

3. **Посебни цели:**

Подготовка на правилникот за транспонирање.

Предлагање на методи за консултација за подготвениот нацрт- текст со цел истиот да се усвои.

4. **Очекувани резултати:**

Изработување на кореспондентна табела меѓу националните прописи и предвидената директива.

5. **Квантитативни показатели за активноста кај корисникот:**

Подготвен е нацрт- текст за транспонирање со цел да се усвои.


nnf

**6. Предложени предуслови**

Пред експертската мисија во Македонија се врши коректура на преводот на новата директива. Се изработува речник на стручни поими.

**7. Времетраење:**

Пет работни дена во Скопје и по два дена пат за секој експерт.

**8. Број на експерти кои учествуваат:**

Двајца експерти назначени од страна на Генералната дирекција за труд.

**9. Период на реализација:**

Првиот семестар на 2012 година во зависност од текот на усвојувањето на новата директива која се однесува на електромагнетните полиња (планиран календар за усвојување: почетокот на 2012 година.

# Проекции за 2012 година

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

**Придружен проект: Поддршка на транспонирањето на директиви од Заедницата во областа на здравјето и безбедноста на работно место**

**Активност бр. 2: MKD 1.1.1.0.2**

**Поддршка за транспонирање на директивата за ризици поврзани со електромагненти полиња**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија**:
Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција**: Мари-Кристин БОДИРЕ, одговорна за мисијата за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуацијата, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералната дирекција за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
Електронска адреса: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, Одговорно лице за мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел : 00 33 4 78 87 49 84 ;
Електронска адреса: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел да помогне при транспонирањето на директивита која ја заменува директивата 2004/40/ЕЗ, а во врска со минималните барања за безбедност и здравје при изложеност на работниците на ризици од физички агенси (електромагнетни полиња).

2. **Целна група:**

Службениците кои се одговорни за изработка на текстовите за транспонирање во националното законодавство: тројца службеници од Државниот инспекторат за труд и еден службеник од Министерството за труд и социјална политика.

3. **Посебни цели:**

Подготовка на правилникот за транспонирање.
Предлагање на методологија за консултација за подготвениот нацрт-текст со цел истиот да се усвои.

4. **Очекувани резултати:**

Изработување на кореспондентна табела меѓу националните прописи и соодветната директива на Заедницата.

5. **Квантитативни показатели за активноста кај корисникот:**

Изработка на нацрт- текст за транспонирање со цел истиот да се усвои.



DAF

6. **Предложени предуслови**

Коректурата на преводот на новата иректива се врши пред експертската мисија во Македонија. Се изработува речник на стручни поими.

7. **Времетраење:**

Пет работни дена во Скопје и по два дена пат за секој експерт.

8. **Број на експерти кои учествуваат:**

Се назначуваат двајца експерти од страна на Генералната дирекција за труд.

9. **Период на реализација:**

Првиот семестар на 2012 година во зависност од текот на усвојувањето на новата директива во врска со електромагнетните полиња (планиран календар за усвојување: мај 2012 година).

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

| **Придружна стратешка политика:**<br><br>**Поддршка при имплементацијата на европското законодавство во областа на безбедност и здравје при работа** |
|---|

**Проект бр. 2: Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд**

**Раководител на проект:**

**Република Македонија**: Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција**: Мари- Кристин БОДИРЕ, одговорна за мисијата за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуацијата, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералната дирекција за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
Електронска адреса: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, Одговорно лице за мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел : 00 33 4 78 87 49 84 ;
Електронска адреса: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис на проектот:**

Проектот има за цел да им овозможи на трудовите инспектори да го имплементираат транспонираниот пропис.

2. **Општа цел:**

Согласно принципите поставени од директивите на Европската Унија, се усогласуваат постапките за интервенција на Државниот инспекторат за труд со цел да се гарантира ефективноста на транспонираното право.

3. **Посебни цели:**

Поддршка во прилагодувањето на постапките за контрола.

4. **Очекувани резултати:**

Стекнато знаење и потребни вештини за спроведување на инспекциски надзор за безбедноста и здравјето на работниот простор.

5. **Квантитативни показатели и показатели на влијание:**

Околу 50 трудови инспектори се обучени за методологијата на интервенирање и контрола на работниот простор.



ОАФ

## 6. Соодветни обврски на двете страни :

Министерство за труд и социјална политика :

- Обезбедување на потребниот простор и материјали за изведување на обуките и за работата на експертите во текот на нивната мисија;
- Обезбедување на учество на доволен број службеници на предвидените состаноци и обуки;
- Обезбедување на неопходната помош за сместување и локален превоз на експертите како и на целокупната логистика поврзана со експертската мисија;
- Обезбедување на консекутивен превод од француски на македонски и обратно;
- Обезбедување на ручек и паузи за кафе за време на мисиите на експертите ;
- Покривање на трошоците за превоз на македонската делегација која ќе реализира студиска посета во Франција.

ГИП Интернационал се обврзува да :

- да ги почитува финансиските обврски, да обезбеди човечки ресурси, да се погрижи за и за логистичката организација;
- да ги одреди предусловите за спроведување на секоја активност;
- секое тромесечје да врши увид во реализацијата на предвидените и идните активности;
- да составува краток извештај по секоја мисија (во него е вклучен бројот и квалитетите на лицата кои биле сретнати или обучени) ;
- за мисиите во Македонија, овој извештај го составуваат француски експерти кои ја изведувале мисијата во координација со раководителот на проект од македонска страна.
- раководителите на проект составуваат годишен преглед за реализацијата на проектот во поглед на извештаите од активностите, а на состанокот на крај на годината се оценува квалитетот и напредувањето на целокупната повеќегодишна програма.

## 7. Производство / Капитализација:

Двете страни го подготвуваат и потврдуваат извештајот од обуката.

Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд ја транспонираат определената директива во националното законодавство.

## 8. Прелиминарен календар за проектот:

**2011**: Активност бр.1 : MKD 1.1.2.0.1: Мисија за поддршка на развојот на методологија за интервенција и контрола на работниот простор. Мисија во Македонија.

## 9. Инструменти за следење:

Подготовка и потврдување на извештаите од активноста.
Табела за евалуација на реализацијата на активноста.

## 10. Одвивање на проектот

**Јули 2011**: Мисија на потврдување и на отпочнување на програмата. Шифра на активност 5.0.0.0.1.

**Декември 2011**: Дел од етапата ќе биде реализирана меѓу француските и македонските раководители на проект во областа на трудот како и со одговорните за различни активности од македонска страна. Целта ќе биде ажурирање на табелата за евалуација на соработката и подготвување на прецизна програма на активностите за 2012 г. Шифра на активност 5.0.0.0.2.

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

**Придружен проект: Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд**

**Активност бр. 1: MKD 1.1.2.0.1**

**Поддршка на развивањето на методологија за интервенирање на трудовите инспектори на работниот простор**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија**: Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција**: Мари-Кристин БОДИРЕ, одговорна за мисијата за меѓународна соработка при мисијата за поддршка на евалуацијата, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералната дирекција за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
Електронска адреса: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, Одговорно лице за мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел : 00 33 4 78 87 49 84 ;
Електронска адреса: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел поддршка при имплементација на нови прописи кои произлегуваат од транспонирањето на Директивата 89/654/ЕЕЗ од 30 ноември за минималните барања за безбедност и здравје на работниот простор (1ва индивидуална директива во рамки на значењето на Член 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕЗ.

2. **Целна група:**

30 трудови инспектори од областа безбедност и здравје при работа.

3. **Посебни цели:**

Прилагодување на методологијата за контрола.
Јакнење на капацитетите за советодавна помош во областа на новите прописи.

4. **Очекувани резултати:**

Прилагодување на методолошките постапки за контрола.

5. **Квантитативни показатели за активноста кај корисникот:**

Трудовите инспектори се способни да го контролираат почитувањето на новите прописи.

6. **Времетраење:**

Пет работи дена во Скопје и по два дена пат за секој експерт.


ПАГ

### 7. Број на вклучени експерти :

Двајца експерти се назначени од страна Генералната дирекција за вработување.

### 8. Период на реализација:

Трето тромесечје на 2011 година (септември).

# ВРАБОТУВАЊЕ

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Труд**

| **Стратешка политика бр.1:** |
|---|
| **Стратешка поддршка за европската интеграција** |

**Проект бр.1: ЕУРЕС и мобилност на работна сила**

**Раководител на проект:**

**Република Македонија**: Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk
Вељка ЈУРАН, раководител на одделение за ИПА фондови и проекти, Агенција за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126);
Факс: 00 389 2 3111 850
Електронска адреса:veljka.juran@avrm.gov.mk

**Франција**: Даниел НОЕЛ-БОНЕ, одговорно лице за мисијата за меѓународна соработка во Дирекцијата за меѓународни односи на центарот за вработување
Тел: 00 33 1 40 30 62 12
Електронска адреса : d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

**1. Опис на проектот:**

Се работи за обезбедување на техничка поддршка за Агенцијата за вработување на Република Македонија, преку помагање на развојот на нејзините познавања и користењето на инструментот Еурес во доменот на мобилноста на работната сила.

**2. Општа цел:**
Приближување на европските стандарди и подготовка на интеграцијата.

**3. Специфични цели**

Размена на искуства и добри практики.

**4. Очекувани резултати:**

Агенцијата за вработување на Република Македонија станува референтна национална институција за ЕУРЕС.

**5. Квантитативни показатели и показатели за влијание :**

Имплементација на проекти, позиционирање во Светската асоцијација на јавни служби за вработување (AMSEP).

**6. Соодветни обврски на двете страни:**

Агенција за вработување на Република Македонија:

- Обезбедува простор и потребни материјали за изведување на обуката и за работата на експертите во текот на нивните мисија;

- Се грижи да обезбеди присуство на доволен број службеници на состаноците и на предвидените обуки;
- Обезбедува неопходна помош за сместување и локален превоз на експертите како и на целокупната логистика потребна за мисијата на експертите;
- Обезбедува консекутивен превод на француски и на македонски и обратно;
- Обезбедува ручек и паузи за кафе за време на мисијата на експертите;
- Се грижи за покривање на трошоците за превоз на македонската делегација која ќе реализира студиска посета во Франција.

ГИП Интернационал презема обврска да:

- ги почитува финансиските обврски, обезбедува човечки ресурси, се грижи за логистичката организација;
- ги одредува предусловите за спроведување на секоја активност;
- секое тромесечје врши увид во реализацијата на предвидените и идните активности;
- составува краток извештај по секоја мисија (во него е вклучен бројот и квалитетите на лицата кои биле сретнати или обучени) ;
- за мисиите во Македонија, овој извештај го составуваат француски експерти кои ја изведувале мисијата во координација со раководителот на проект од македонска страна.
- за мисиите во Франција овој извештај го составува францускиот раководител на проект во координација со македонскиот раководител на проект.
- раководителите на проект составуваат годишен преглед за реализацијата на проектот во поглед на извештаите од активностите, а на состанокот на крај на годината се оценува квалитетот и напредувањето на целокупната повеќегодишна програма.

## 7. Производство / Капитализација :

Двете страни ги подготвуваат и потврдуваат извештаите од експертските мисии, обуката и студиската посета.

## 8. Прелиминарен календар за проектот:

**2011**: Активност бр. 1: MKD 2.1.1.0.1 (Претставување на инструментот ЕУРЕС, предности, недостатоци, мобилност на работници):

Второ тромесечје од 2011 г. – Мисија на експертиза во Македонија.

**Предлози за 2012 г.**:

- Треба да се дефинираат според националната стратегија на Република Македонија.

## 9. Инструменти за следење:

Подготовка и потврдување на извештаите од секоја активност.
Табела за евалуација на реализацијата на активностите.

## 10. Одвивање на проектот:

**Јули 2011**: Дел од етапата ќе биде реализиран меѓу одговорниот за мисија од ГИП Интернационал и македонските партнери во областа на трудот. Целта ќе биде ажурирање на табелата за евалуација на соработката и подготвување на прецизна програма за активностите во вториот семестар од 2011 г. Шифра на активност 5.0.0.0.2

**Декември 2011**: Дел од етапата ќе биде реализиран меѓу одговорниот за мисија од ГИП Интернационал и француските и македонските раководители на проект во областа на трудот како и со одговорните за различни активности од македонска страна. Целта ќе биде ажурирање на табелата за евалуација на соработката и подготвување на прецизна програма на активности за 2012 г. Шифра на активност 5.0.0.0.3



pAf

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Вработување - 2011**

**Придружен проект: Стратешка поддршка за европска интеграција**
**Активност бр. 1: МКД 2.1.1.0.1**

**Презентација на инструментот ЕУРЕС, на неговото влијание во Франција. Мобилност на работниците.**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија**: Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk
Вељка ЈУРАН, раководител на одделение за ИПА фондови и проекти, Агенција за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126);
Факс: 00 389 2 3111 850
Електронска адреса:veljka.juran@avrm.gov.mk

**Франција**: Даниел НОЕЛ-БОНЕ, одговорно лице за мисијата за меѓународна соработка во Дирекцијата за меѓународни односи во центарот за вработување.
Тел : 00 33 1 40 30 62 12
Електронска адреса : d.noel-bonnet@pole-emploi.fr

1. **Опис:**

Мисијата има за цел да и обезбеди техничка помош на Агенцијата за вработување на Република Македонија, претставувајќи ѝ го инструментот ЕУРЕС, начинот на којшто тој е организиран на нашата територија и посебно во прекуграничните зони. Експертите ќе треба особено да се фокусираат на темата на мобилност на работната сила.

2. **Целна група:**

Раководниот кадар на Агенцијата за вработување.

3. **Специфични цели:**

Улогата на Македонија во ЕУРЕС.

4. **Очекувани резултати:**

Интегрирање на *acquis communautaire*.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Број на активности ЕУРЕС.

6. **Времетраење:**

Два работни дена во Скопје и два работни дена во пат по експерт.

7. **Број на експерти кои учествуваат:**

Двајца експерти (1 генерална дирекција и 1 «теренски») назначени од страна на центарот за вработување.

8. **Период на реализација:**

Второто тримесечје на 2011 година.

**МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2011- проекции за 2012**

**Област: Вработување**

| Стратешка политика бр.1: |
|---|
| Стратешка помош за европска интеграција |

**Проект бр.2: Јавна служба за вработување и Европски социјален фонд (ЕСФ)**

**Раководители на проект:**

**Република Македонија**: Елена НИКОЛОВСКА, одговорна за билатералната соработка на Министерството за труд и социјална политика
Тел/Факс: 00 389 2 3106 294;
Електронска адреса: enikolovska@mtsp.gov.mk

Вељка ЈУРАН, раководител на одделение за ИПА фондови и проекти, Агенција за вработување на Република Македонија;
Тел: 00 389 2 3111 850 (локал 126);
Факс: 00 389 2 3111 850
Електронска адреса:veljka.juran@avrm.gov.mk

**Франција**: Фабиен БОМЕЛУ, меѓународна соработка, РАСИН
Тел : 00 33 1 44 08 65 10
Електронска адреса : beaumelou@racine.fr

1. **Опис на проектот:**

